**<u>Образец бр. 2</u>**

## Иницијална проценка на влијание на регулативата

### Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите

1. **Опис на проблемите** (Политички контекст на проблемите)

Со овој закон всушност ќе се востанови дејноста проценка која ќе биде вршена од страна на овластени проценители. Во вршењето на проценката проценителите ќе се раководат од пазарната вредност на предметот на проценката, а истата ќе ја утврдуваат врз основа на донесени методологии и прифатени мегународни стандарди.
Со членот 3 од Законот за Трговските друштва се дефинира терминот „овластен проценител“ како лице кое врши проценка како овластен проценител и се води во регистарот на овластени проценители, востановен врз основа на закон. Во периодот на трансформација на општествениот и државниот капитал во Република Македонија оваа материја беше уредена со Законот за трансформација на општествениот капитал и подзаконските акти изготвени врз негова основа. Со нив Агенцијата за приватизација ги спроведуваше стручните испити и со исполнување на одредени услови издаваше Уверие за овластен проценител со времетраење од 5 години.
По укинувањето на Агенцијата за приватизација, оваа материја остана нерегулирана.
Согласно наведенот, а имајки ја во предвид потребата за сеопфатно уредување на оваа материја, се оцени дека со одредбите од овој Законот целосно ќе се уреди материјата за вршење на дејност проценка и ќе се обезбеди уставото право за утврдување на пазарната вредност на предметот на проценка.

2. **Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите**

Со донесувањето на овој Предлог закон ќе се прецизира, конкретизира и професионализира областа на проценката и ќе се оствари главната цел на овој предлог закон, а тоа е навремено, ефикасно и стручно извршување на проценките во сите обвласти предвидени со закон и по барање на странка.

3. **Идентификација на можни решенија (опции)**

Опција 1:
“Не прави ништо“, односно да не се менува постојната регулатива.

Опција 2:
<u>Донесување на Предлог на Закон за проценка</u>
Со Предлог – Законот за проценка се создава прва регулатива во правниот систем за проценката, односно се создава единствена законска рамка за оваа

област, а со самото тоа се избегнува контрадикторност меѓу правните материи во правниот систем како целина.

**Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија**

**Предложено решение (опција 1):**
"Не прави ништо"

**Опис:**
Недонесување на Закон за проценка ќе ја задржи постојната состојба на целосно законски неуредена материја на проценка и ќе предизвика извршување на проценки од нестручни и некомпетентни лица.

**Предложено решение (опција 2):**
Донесување на Предлог на Закон за проценка

**Опис:**
Со Предлог законот се обезбедува правна рамка и систематизација на прописите за дејноста проценка во единствен прецизиран и конкретизиран законски текст, кој би претставувал кодекс за оваа област од правото.

**1. Трошоци**

- Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите.

Да, за полагање на стручниот испит за здобивање со лиценца за проценител.

-Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците.
Да.
Предлог законот ќе предизвикува незначителни иницијални трошоци за други државни органи за објавување на огласот за полагање на стручниот испит за проценители и за востановување на регистерот за овластени проценители и истите ќе бидат обезбедени од буџетите на министерствата.

-Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа. Ако да, образложи ги трошоците.
Предлог законот не предизвикува континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа.

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците.

не

- Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица. Ако да, образложи ги трошоците.

Да, за полагање на стручниот испит и за осигурување од одговорност.

**2. Придобивки**

- Опис и опсег на финансиските придобивки за засегнатите страни

Законот не предизвикува финансиски придобивки за засегнатите страни.

- Други нефинансиски придобивки за засегнати страни

Со новиот предлог закон ќе се добие навремено, ефикасно и стручно извршување на дејствијата на проценка, со што ќе се намали оддолговлекувањето на истите.

**3. Ризици и претпоставки**

Доколку Владата на Република Македонија не предложи донесување на Закон за дејноста проценка останува ризикот од извршување на проценките од страна на нестручни и некомпетентни лица.

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | ДА / **НЕ** | ДА / **НЕ** |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | ДА / **НЕ** | ДА / **НЕ** |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | ДА / **НЕ** | ДА / **НЕ** |
| Влијание врз животната средина | ДА / **НЕ** | ДА / **НЕ** |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | ДА / **НЕ** | ДА / **НЕ** |
| Влијание врз правата на граѓаните | **ДА** / НЕ | ДА / **НЕ** |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | ДА / **НЕ** | ДА / **НЕ** |

**Чекор 3: Консултации**

Предложениот текст на закон е изготвен од работна група составена од преставници на Министерството за правда, министерството за економија, министерството за финансии и Службата за општи и заеднички работи.

Текстот на законот беше јавно презентиран пред преставници на стопанските комори и останатата стручна јавност и истиот беше јавно подржан.

**Резиме на иницијалната**
**проценка на влијание на регулативата**

1. **Краток осврт на преферираното решение/опција 2:**

<u>Донесување на Предлог на Закон за проценка</u>

По спроведените анализи и идентификувани слабости и недостатоци во постојните законски решенија за дејноста проценка, како најсоодветно решение произлезе подготовката на Законот за проценка

Со донесувањето на овој предлог закон ќе се прецизира и конкретизира дејноста проценка во единствен современ законски текст и ќе се оствари главната цел на овој предлог закон, навремено, ефикасно и стручно извршување на проценките во сите случаи предвидени со закон и по барање на странка.

**2. Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:**

Валентина Шаурек, државен советник за правосудство

**3. Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе бидат вклучени во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:**

- Михајло Маневски, Министер за правда
- Ибрахим Ибрахими, Заменик министер за правда.

За повереници се определуваат:

- Билјана Бришкоска-Бошковски, Државен секретар
- Валентина Шаурек, државен советник за правосудство

**Изјава од министерот**
**за иницијалната проценка на влијание на регулативата**

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлог законот

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Има/**Нема** влијание | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 600.000.000 денари. |
| 2. | Има/**Нема** влијание | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија |
| 3. | Има /**Нема** влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација/врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар. |
| 4. | Има / **Нема** влијание | врз економијата и врз обемот на државна помош |
| 5. | Има / **Нема** влијание | врз животната средина. |
| 6. | Има/**Нема** влијание | врз социјалната положба на граѓаните. |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br><br>Датум на објавување:<br><br>Вклучени организации и претставници: Министерство за економија, Министерство за финансии и Служба за општи и заеднички работи.<br><br>Свое мислење дадоа следниве организации: Министерството за финансии, животна средина и просторно планирање, економија, информатичко општество, транспорт и врски, земјоделство, шумарство и водостопанство, култура, Сојуз на стопански комори, Стопанска комора на Македонија и Секретаријатот за законодавство. | **ДА /** НЕ |
| 8. | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | **ДА**/НЕ |
| 9. | Предлогот за донесување на закон е лекториран. | **ДА**/НЕ |
| 10. | Спроведени се меѓуресорски консултации. | **ДА**/НЕ |

| | | |
|---|---|---|
| 11. | Дали предлог законот предвидува управна постапка? | ДА/**НЕ** |
| 12. | Доколку предлогот за донесување на закон предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото “молчењето значи одобрување”? | ДА/**НЕ** |

**Изјава од министерот**

Јас, ***Михајло Маневски***, изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на министерот:

........................................................................... Датум: